Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 септември 2005 година.

Бр. 07-3382/1
16 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Во Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2005) во членот 162 ставот (4) се менува и гласи:

"(4) Средствата од членовите 179, 181, 182, 183, 184 и 185 на овој закон, се приход на Буџетот на Република Македонија и се уплаќаат на соодветна уплатна сметка, во рамките на трезорската сметка."

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Средствата од членот 180 на овој закон се приход на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и се уплаќаат на соодветна уплатна сметка, во рамките на трезорската сметка."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".